На 16 декември во просториите на клубот ГЕМ Институтот за демократија „Социетас цивилис“ го промовираше краткиот документ за јавни политики „Како да се унапреди вклучувањето на граѓанските организации во давањето на услуги? Состојби, предизвици и можности“ на авторите Јован Близнаковски и Христијан Петрушев.




Документот содржи приказ на состојбата на граѓанските организации кои работат како даватели на услуги. Во Македонија, давањето услуги сѐ уште не е дефинирано со законските прописи. Во јавната сфера нема соодветен термин кој би ги опишал ентитетите, јавни или приватни, кои учествуваат во давањето и обезбедувањето услуги

за различни категории на граѓани.

„Социјалните услуги кои ги нудат граѓанските организации влегуваат во доменот на основните функции на државата во рамките на социјалната политика, вклучително социјалната заштита и помош, образованието, здравството, правната помош, а тие, не секогаш се финансиски поддржани од државните органи и институции," рече Јован Близнаковски. Спроведувањето од страна на граѓанските организации ќе овозможи помал товар за државните институции, но и поголема помош и поддршка за корисниците на социјалните услуги.

На промоцијата беше истакнато дека не постојат пречки за финансиска поддршка од државата за граѓанските организации кои вршат услуги. Средства кои сега ги добиваат организациите не се ни одблиску доволни за значајно финансирање на социјалните услуги.

Симона Огненовска од МЦМС ја потенцираше потребата од подлабинско издржување на оваа област. „Станува збор за област за која отсуствуваат податоци, анализа и дебата во јавноста и покрај посветеноста и поддршката која организациите ја нудат за обезбедување нормален живот на граѓаните", рече таа и додаде дека документот од ИДСЦС ќе придонесе кон подобрено утврдување на состојбите во оваа важна област во рамки на Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество за 2015 г.

